**Народна банка на Република Северна Македонија**

# Упатство за нагодување на интернет-прелистувачи за приказ на одредени делови од интернет-страницата www.nbrm.mk

декември 2020 г.
верзија 1.0

# Содржина

1. Вовед ........................................ 3
2. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачот „Гугл хром" ........................................ 4
3. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачот „Мајкрософт еџ" ........................................ 5
4. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачот „Сафари" и „МакОС" ........................................ 6

# 1. Вовед

1.1 Заради поголема сигурност при посетата на интернет-страницата на Народната банка се воведени дополнителни мерки за употреба на ССЛ-технологијата. Една од нив е и да се настојува на употребата на ХТТПС преку технологијата ХСТС којашто е поддржана од повеќето прелистувачи (матрицата на компатибилност може да се види на следнава врска https://caniuse.com/?search=hsts).

1.2 Како функционира?

При првата посета корисникот има можност да избира дали ќе користи ХТТП или ХТТПС.

Ако корисникот се одлучи да користи ХТТП, ќе може и наредниот пат да бира кој протокол ќе го користи.

Кога еднаш ќе се одлучи за ХТТПС, сè додека не помине одреден временски период од посетата на страницата, прелистувачот нема да дозволи употреба на ХТТП.

1.3 За кого е наменето ова упатство?

Бидејќи спроведувањето на ХТТПС е во тек и не е целосно завршено, има содржини за чиј приказ треба да се користи ХТТП. Понатаму во ова упатство се дадени детали како да се исклучи настојувањето на употребата на ХТТПС за попознатите прелистувачи. Бидејќи ХТТП е несигурен, заради ваша сигурност користете ХТТПС секаде каде што постои можност за тоа. Важно е во никој случај да не споделувате ваши податоци преку ХТТП. Значи, користете ХТТП само во случај кога имате потреба од преглед на содржини од www.nbrm.mk коишто не се прикажуваат преку ХТТПС.

## 2. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачот „Гугл хром“

2.1. Исклучете ги сите отворени прозорци каде што се прикажува www.nbrm.mk

2.2. Во полето за адреса внесете: chrome://net-internals/#hsts




2.3. Во делот „Delete domain security policies“, во полето „Domain“, внесете www.nbrm.mk

2.4. Кликнете на копчето „Delete“.

2.5. Во делот „Query HSTS/PKP domain“, во полето „Domain“ внесете www.nbrm.mk

2.6. Кликнете на копчето „Query“.

2.7. Треба да се прикаже полето „Not found“.




2.8. Доколку е потребно, повторете ги точките 2.3-2.7 и за nbrm.mk.

# 3. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачот „Мајкрософт ец“

3.1. Исклучете ги сите отворени прозорци каде што се прикажува www.nbrm.mk

3.2. Во полето за адреса внесете: edge://net-internals/#hsts




3.3. Најдолу, во делот „Delete domain security policies“, во полето „Domain“, внесете www.nbrm.mk

3.4. Кликнете на копчето „Delete“.

3.5. Во делот „Query ХСТС/PKP domain“, во полето „Domain“, внесете www.nbrm.mk

3.6. Кликнете на копчето „Query“.

3.7. Треба да се прикаже полето „Not found“.




3.8. Доколку е потребно, повторете ги точките 2.3-2.7 и за nbrm.mk

# 4. Упатство за исклучување на ХТТПС за прелистувачите „Сафари“ и „МакОС“

4.1 Затворете го прелистувачот.

4.2 Избришете ја датотеката ~/Library/Cookies/XCTC.plist

4.3 Повторно отворете го.